Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2023 година**

**Скопје, мај 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-рКренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање,д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација,како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Тирон Јајага, заменик на минстерот за одбрана, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката,

поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

2. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

3. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за одржување состанок на македонско-српската Мешовита комисија за меѓународен патен транспорт на патници и стоки, 5-6 јуни 2023 година во Охрид

7. Информација за настанат дефект на сифон „Макарија“, со прилог

8. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ANATOLIYAN PHOENIX 23“ во Република Турција.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, за наредната седница на Владата.

**Точка 2**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување состанок на македонско-српската Мешовита комисија за меѓународен патен транспорт на патници и стоки, 5-6 јуни 2023 година во Охрид, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за настанат дефект на сифон „Макарија", со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува АД Водостопанство на Република Северна Македонија до наредната седница на Владата да предложи за реализација едно од понудените преодни решенија содржани во доставениот Извештај по настанатото оштетување.

2. Се задолжува АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена да достави комплетен извештај за состојбата на хидросистемите со кои што стопанисува и управува и за истите во тој рок да подготви целосна проектна документација и предмер пресметка за вредноста за нивна санација.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ANATOLIYAN PHOENIX 23" во Република Турција.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:20 часот.

**Генерален секретарна Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**